**ЗАПИСНИК**
**од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 29.09.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Ивона Муфишева, м-р Александар Џуваревиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:15 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.09.2022 година.
2. Предлог за давање одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-563/2 од 08.02.2022 година.
3. Предлог-одлука за доделување финансиска помош – донација на ЕФ-ЕМ 90.3-Спортско Радио ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, за организација на 30-ти јубилеен „Турнир во мал фудбал на медиуми 2022“.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата поради техничка неможност да се подготви предложениот документ, го одложи усвојувањето на Записникот од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.09.2022 година, за една од наредните седници.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-563/2 од 08.02.2022 година. Објасни

дека измените се поврзани со оние точки кои се изменија во Финансискиот план на Агенцијата за 2022 година односно за Проектирање, набавка, монтажа, изведба и приклучок во енергетската мрежа на фотоволтаична централа поставена во седиштето на Агенцијата и за Физибилити студија за оправданост за поставување на фотоволтаична централа во седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-563/2 од 08.02.2022 година, со текст како што беше предложен.

Постојниот Годишниот план за јавни набавки во 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се дополнува на следниот начин:

- во Главата I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки се додаваат 2 (две) јавни набавки – Електрична енергија (постојната јавна набавка точка 3. целосно е реализирана) како точка бр.10 и Проектирање, набавка, монтажа, изведба и приклучок во енергетската мрежа на фотоволтаична централа поставена во седиштето на Агенцијата како точка бр.11.

- во Главата II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги се додава 1 (една) јавна набавка – Физибилити студија за оправданост за поставување на фотоволтаична централа во седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како точка бр.40 бидејќи сите набавки во Главата II. соодветно се поместуваат за 1 (едно) место, и тоа:

| бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/ рамковната спогодба | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапката | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| **I.** | **Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки** | | | | |
| **10.** | Електрична енергија | стока | Отворена постапка | септември/октомври | 13.340.000,00 |
| **11.** | Проектирање, набавка, монтажа, изведба и приклучок во енергетската мрежа на фотоволтаична централа поставена во седиштето на Агенцијата | стока | Поедноставена отворена постапка | По потреба | 3.474.500,00 |
| **II.** | **Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **40.** | Физибилити студија за оправданост за поставување на фотоволтаична централа во седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | услуга | Набавка од мала вредност | октомври | 338.980,00 |

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за доделување финансиска помош – донација на ЕФ-ЕМ 90.3-Спортско Радио ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, за организација на 30-ти јубилеен „Турнир во мал фудбал на медиуми 2022“. Објасни дека од страна на овој радиодифузер преку Владата е побарано да му се обезбедат финансиски средства за организација на наведениот турнир. Од Владата е позитивно одговорено, дадена е препорака на Агенцијата да додели средства во рамките на нејзините можности а тоа се 250.000,00 денари. По донесување на одлуката од страна на Советот ќе се потпише Договор со радиодифузерот а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на РСМ.

Г-дин Петрушевски рече дека и претходно се давани донации и процедурата е иста, прво се дава одобрение на директорот па се спрема одлука, оди во Министерство за правда кои проверуваат дали е се по Закон, даваат одобрување и се склучува Договор.

Г-дин Трајчев рече дека го гледа дописот од шефот на канцеларијата на претседателот на Владата каде што стои дека „..се дава на Агенцијата во рамки на своите надлежности..“ и праша дали АВМУ има законска надлежност и финансиска можност за да се реализира оваа одлука?

Г-дин Трајчевски објасни дека со измената односно со зголемувањето на Финансискиот план има финансиски можности и секако дека има и законска можност за да се изврши донација, затоа што се смета дека ова е од јавен интерес. Тоа ќе го потврди или отфрли Министерството за правда, ако потврди дека станува збор за проект од јавен интерес ќе даде одобрение да се изврши исплатата доколку заклучи дека не е ќе се добие негативен одговор и нема да се реализира донацијата.

Г-дин Фиданоски рече дека според него овој настан е од јавен интерес, станува збор за јубилеен 30-ти пат на турнирот кој го организира радиодифузерот ЕФ-ЕМ 90.3-СПОРТСКО РАДИО од Скопје, кое е веќе препознатливо во јавноста, многу од новинарските медиумски екипи се натпреваруваат. Ова е еден вид потреба за подобра комуникација во медиумската заедница и од тие причини смета дека е добро Советот да даде поддршка.

Г-дин Петрушевски објасни дека овој настан има и меѓународен карактер.

Г-дин Ајдини рече дека има една поговорка која вели „направи го тоа што можеш со тоа што го имаш“. Овие средства се многу значајни за радиото, посебно во насока на промоција на спортот, спортските содржини а исто така во целина и на државата. Добро е во време на криза да се зборува за спорт и култура и од сите овие причини рече дека ќе го поддржи предлогот.

Г-дин Петрушевски се изјасни дека и тој ќе го поддржи предлогот.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за доделување финансиска помош - донација на ЕФ-ЕМ 90.3-СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје во износ од 250.000,00 (двесте и педесет илјади) денари, со цел поддршка на активностите на радиодифузерот за организирање на 30-тиот традиционален јубилеен меѓународен „Турнир во мал фудбал на медиуми 2022“, што ќе придонесе за промоција на професионалниот и рекреативен спорт, стимулирање и развој на спортската култура и содржина, како и афирмација на здрави спортски навики и фер-плеј култура.

Горенаведените финансиски средства, се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2022-та година и истите се уплаќаат на сметката на ЕФ-ЕМ 90.3-СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје број: 300000002196892, депонент на Комерцијална банка АД Скопје, даночен број 4030998342288.

За доделената финансиска помош – донација, се склучува Договор за донација помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и ЕФ-ЕМ 90.3-СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, кој стапува во сила веднаш по потпишувањето од страна на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на РСМ.

Секторот поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

**Разно**

Г-дин Јанчески во врска со меѓународниот Турнирот во мал фудбал на медиуми 2022 предложи и Агенцијата со свои претставници да земе учество.

Г-дин Петрушевски рече дека му се допаѓа предлогот и може да се прифати.

**Бр. 02-3547/4**

**06.10.2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**